Уп. бр. 08-65

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од друштвата Реналфа ИПП со регистрирано седиште на 16 Сцхоттенринг, 1010 Виена, Австрија, Соларпро Технолоџи АД со регистрирано седиште на 41 Христофор Колумб 1592 Софија, Бугарија и Реналфа АД со регистрирано седиште на булевар Тсар Ослободител 14, 1000 Софија, Бугарија, доставено преку Иво Илиевски, адвокат од Адвокатско друштво Дебарлиев, Дамески и Ќелешоска од Скопје, на седницата одржана на ден 10.05.2023 година, го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

1. Се утврдува дека концентрацијата со која друштвото Реналфа ИПП со регистрирано седиште на 16 Сцхоттенринг, 1010 Виена, Австрија ќе стекне контрола над ВЕТРОКОМ ЕООД со регистрирано седиште на плоштадот Позитано 2, Перформанс Бизнис Центар, кат 7, 1000 Софија, Бугарија, Соларпро Технолоџи АД со регистрирано седиште на 41 Христофор Колумб 1592 Софија, Бугарија ќе стекне контрла над Алпик Винд Сервисиз ЕАД со регистрирано седиште на плоштадот Позитано 2, Перформанс Бизнис Центар, кат 7, 1000 Софија, Бугарија и Реналфа АД со регистрирано седиште на булевар Тсар Ослободител 14, 1000 Софија, Бугарија, ќе стекне контрола над АЛПИК ЕНЕРГИЈА БУГАРИЈА ЕООД со регистрирано седиште на плоштадот Позитано 2, Перформанс Бизнис Центар, кат 7, 1000 Софија, Бугарија, преку купопродажба на акции, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 07.04.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата), беше доставено известување за концентрација од страна на друштвата Реналфа ИПП со регистрирано седиште на 16 Сцхоттенринг, 1010 Виена, Австрија, Соларпро Технолоџи АД со регистрирано седиште на 41 Христофор Колумб 1592 Софија, Бугарија и Реналфа АД со регистрирано седиште на булевар Тсар Ослободител 14, 1000 Софија,

Бугарија, со која Реналфа ИПП ќе стекне контрола над ВЕТРОКОМ ЕООД со регистрирано седиште на плоштадот Позитано 2, Перформанс Бизнис Центар**,** кат 7, 1000 Софија, Бугарија, Соларпро Технолоџи АД ќе стекне контрола над Алпик Винд Сервисиз ЕАД со регистрирано седиште на плоштадот Позитано 2, Перформанс Бизнис Центар**,** кат 7, 1000 Софија, Бугарија и Реналфа АД ќе стекне контрла над АЛПИК ЕНЕРГИЈА БУГАРИЈА ЕООД со регистрирано седиште на плоштадот Позитано 2, Перформанс Бизнис Центар, кат 7, 1000 Софија, Бугарија, преку купопродажба на акции.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото го утврди следното:

Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:

**- Реналфа ИПП** е друштво со ограничена одговорност основано согласно законите на Австрија. На 04.07.2022 година, Реналфа ИПП беше преземана заедно од страна на Групацијата Реналфа и француската инвестициска групација РГреен како средство за специјална намена за цели на структурирање на нивните заеднички инвестиции во секторот за обновливи извори на енергија во Централна и Источна Европа.

Реналфа ИПП е под заедничка контрола на Групацијата Реналфа и групација РГреен.

Реналфа ИПП има инвестиции и удел во различни компании, кои главно се активни во основањето и управувањето со фотоволтаични проекти. Во Бугарија, Реналфа ИПП, преку нејзино зависно друштво основано специјално за целите на овој проект – Инвесто Партнерс ЕАД поседува фотоволтаичен парк во близина на градот Разлог со инсталирана моќност од 33 MWp. Реналфа ИПП исто така поседува и работи други проекти за фотоволтаични централи во регионот на ЦИЕ, особено во Северна Македонија и во Унгарија.

**-Соларпро Технолоџи** АД е акционерско друштво основано и регистрирано во Бугарија и е релативно нова компанија чија основна дејност се состои во обезбедување на услуги за работа и одржување за фотоволтаични централи, во Бугарија и во странство. Општо земено, услугите што ги обезбедува Соларпро Технолоџи АД вклучуваат следење на систем, превентивно одржување, корективно одржување, отстранување проблеми и предвидување. Голем дел од активноста на Соларпро Технолоџи АД покрива проекти внатре во групата за Реналфа Групацијата лоцирана во Бугарија.

Соларпро Технолоџи  АД е дел од Реналфа Групацијата.

Групацијата Реналфа обезбедува услуги за работа и одржување (О&М) во Северна Македонија преку други локално зависни друштва.

**-Реналфа АД** е акционерско друштво основано и регистрирано во Бугарија и е една од главните холдинг компании во Групацијата Реналфа, консолидирајќи голем број зависни друштва, проекти и инвестиции на Групацијата во секторите за чиста енергија и обновливи извори на енергија. Главната деловна активност на Реналфа АД и нејзините подружници се состои во развој и работа на проекти за фотоволтаични централи во Централна и Источна Европа, особено во Бугарија, Унгарија и Северна Македонија.

Реналфа АД е дел од Реналфа Групацијата.

Реналфа Групацијата во Северна Македонија ги има следните зависни друштва:

-Друштво за трговија и услуги РЕНАЛФА ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9 (кат 5) Скопје чија главна активност е развој и обезбедување на услуги за управување со средства во врска со фотоволтаични проекти.

- Друштво за производство на електрична енергија ОСМ СОЛАР ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9 (кат 5) Скопје и со приоритетна дејност-производство на електрична енергија, односно Друштво со посебна намена за имплементација и работење на „Проект Осломеј“ за изградба на фотоволтаична централа со моќност од 65,8 MWp.

-Друштво за изградба и управување со енергетски централи СПХ МБ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на ул. Мирослав Крлежа бр.14-1/9 (кат 5) Скопје и со приоритетна дејност-производство на електрична енергија, односно Друштво со посебна намена за имплементација и работење на „Проект Македонски Брод“ за изградба на фотоволтаична централа со моќност од 12 MWp.

-Друштво за трговија и снабдување на електрична енергија РЕЉУВАБАЛ ЕНЕРЏИ СУПЛАЈ ДОО Скопје, со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр. 30 Скопје, активно со трговија со електрична енергија.

- Друштво за изградба и управување со енергетски централи КЕР-АЗ ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. Ристо Шишков бр.38-1/1, Скопје, друштво со посебна намена за имплементација и работење на соларна централа од 2 MW.

- Соларпро Холдинг АД Софија Р. Бугарија - Подружница во Република Македонија со седиште на бул. Свети Климент Охридски бр.52/4 Скопје–со приоритетна дејност-трговија со електрична енергија.

- Друштво за трговија и снабдување со електрична енергија СОЛАРПРО ПАУЕР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр. 14-1/9 (кат 5), Скопје со дејност - услуги поврзани со инженеринг, набавки и градежништво и услуги за работење и одржување.

- Друштво за производство на електрична енергија, трговија и услуги АГРОГРУП-ВНМ ДООЕЛ Струмица, со седиште на ул. Ленинова бр. 15 Струмица, друштво со посебна намена за работење на соларна фотоволтаична централа од 1,14 MW.

- Друштво за изградба на лктрични водовии телекомуникациски линии и производство на електрична енергија ГРИНСОЛАР ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр. 14-1/9 (кат 5) Скопје и со дејност - управување со проекти за соларна фотоволтаична централа.

- Друштво за изградба и управување со енергетски централи ГРИНСОЛАР ЈУГ ДОО Скопје, со седиште на ул. Димитрие Чуповски бр.22, Скопје, друштво со посебна намена за работење на соларна фотоволтаична централа од 650 KW.

-Друштво за изградба на енергетски централи и производство на електрична енергија ГРИНСОЛАР КВД 7МБ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр. 14-1/9, Скопје, новоформирано друштво кое моментално не е во функција и не извршува никаква деловна активност.

-Друштво за изградба на енергетски централи и производство на електрична енергија ГРИНСОЛАР КВД 10 ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. Мирослав Крлежа бр. 14-1/9, Скопје, новоформирано друштво кое моментално не е во функција и не извршува никаква деловна активност.

- СОЛАРПРО ОМ ДООЕЛ Софија Р.Бугарија – Подружница во Скопје, Република Македонија, со седиште на ул.Вељко Влаховиќ бр.22 А Скопје, Друштвото не е активно и нема извршено било каква деловна активност во последните 3 години.

-**ВЕТРОКОМ ЕООД** има основната дејност производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија, особено од ветер. Друштвото поседува два ветерни паркови за производство на електрична енергија во Бугарија.

ВЕТРОКОМ ЕООД нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија и не е активно на ниту еден пазар во Северна Македонија.

-Основната деловна активност на **Алпик Винд Сервисиз ЕАД** се состои во обезбедување на услуги за работење и одржување – O&M услуги за работење и одржување на ветерните електрани. Голем дел од деловната активност на Алпик Винд Сервисиз ЕАД е фокусирана на сервисирање на ветерните електрани во сопственост на Ветроком.

Алпик Винд Сервисиз ЕАД нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија и не е активно на ниту еден пазар во Северна Македонија.

-Главната деловна активност на **АЛПИК ЕНЕРГИЈА БУГАРИЈА ЕООД** се состои од тргување и продажба на електрична енергија на Бугарската независна берза за енергија.

АЛПИК ЕНЕРГИЈА БУГАРИЈА ЕООД нема регистрирано корпоративно присуство во Северна Македонија и не е активно на ниту еден пазар во Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Упатство за правно средство:

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**